ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 014
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

С О О П Ш Т Е Н И Е   Д О   М Е Д И У М И Т Е

# НОВИТЕТ ВО БЕСПЛАТНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ОСИГУРЕНИЦИ ВО СТРАНСТВО

**Двојазичниот образец со период на важност од 6 месеци**

**23.09.2008 година**, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во интерес на своите осигуреници, донесе одлука граѓаните кои имаат потреба од привремен престој во земја со која Р. Македонија има склучено договор за социјално осигурување, **и тоа во случаи како што се посета на близок роднина, стручно усовршување во приватна режија, усовршување на странскиот јазик во приватна режија и слично** да можат **да го добијат двојазичниот образец со важност од 6 месеци**, наместо 30 дена како што беше до сега.

Македонските осигуреници овој образец можат да го добијат бесплатно во подрачните служби на ФЗОМ, со приложување на **потврда од избраниот лекар и мислење од Лекарска комисија, кои исто така можат да се добијат  без паричен надомест.**

Овие измени ФЗОМ ги направи со цел на осигурените лица да им го олесни  начинот и постапката за добивање на овој двојазичен образец (привремена здравствена легитимација) кој ќе им  овозможи еднаков третман со осигурените лица во земјата во која престојуваат со што македонските осигуреници ќе имаат можност да добијат бесплатни здравствени услуги во итни и неопходни случаи во странство.